ИНДУСТРИЈА ЗА ЧИСТЕЊЕ НА ДОГОВОР

# ИНФОРМАЦИЈА ЗА КОНТАКТИ НА РАБОТНИЦИТЕ ЧЕСТО ПОСТАВУВАНИ ПРАШАЊА

NSW GOVERNMENT | Long Service Corporation

Macedonian

## ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

### Зошто треба да ги обновам моите податоци за контакт?

Обновувањето на вашите податоци за контакт ќе ви ги направи нештата полесни кога ќе ги надградиме нашите системи следните месеци. Кога ги имаме вашите точни податоци за контакт, тоа ќе ни овозможи да ви ги праќаме вашите финансиските извештаи (statements), а на вас ќе ви биде полесно да бидете информирани за вашите работни права и да поднесете барања (claims).

### Кои промени доаѓаат?

Го подобруваме нашиот интернет систем со цел поднесувањето на вашето барање за долга служба (long service) да биде поедноставен и побрз процес. Ќе има повеќе опции за самостојно опслужување и индивидуална „огласна табла“ за да ги видите вашите финансиски извештаи.

### Како да дознам повеќе?

Повеќе информации ќе бидат дадени кога ќе биде поблизу денот на почетокот на работата на новиот систем. За повеќе информации следете ја нашата интернет страница.

## РЕГИСТРИРАЊЕ, ВКЛУЧУВАЊЕ (LOGIN) И ОБНОВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ ЗА КОНТАКТ

### Кои податоци треба да обновам?

Ве молиме обновете ја вашата имејл адреса, телефонскиот број за контакт и поштенската адреса. Дајте ни ја вашата единствена имејл адреса, а не некоја што ја користи вашата компанија или член на семејството.

### Зошто ми треба сопствена единствена имејл адреса? Зошто да не можам да ја користам имејл адресата на мојата компанија или на член на семејството?

Вашата сопствена единствена имејл адреса ќе биде вашата корисничка идентификација (user ID) кога ќе преминеме на новиот систем. Тоа ќе ви олесни да бидете информирани за вашите работни права и да поднесувате барања. Ние ќе можеме да ви ги праќаме вашите финансиски извештаи и постојано да ве информираме.

### Што се случува ако немам имејл адреса?

Ќе треба да имате имејл адреса за да се вклучите во новиот систем. Препорачуваме да креирате ваша имејл адреса.

### Што се случува ако не ги обновам моите податоци?

Ако ги немаме вашите сегашни податоци за контакт, нема да можеме да ви го праќаме вашиот годишен финансиски извештај. Исто така, без имејл адреса нема да можете да се вклучите во новиот систем.

100821CCI

TIS TRANSLATING AND INTERPRETING SERVICE

**ПРЕВЕДУВАЧКИ УСЛУГИ**

Ако ви треба преведувач, јавете се на **TIS National** на **13 14 50** и побарајте да ве поврзат со **Long Service Corporation** на **13 14 41** или за повеќе информации видете: **www.tisnational.gov.au**

Interpreter

# ИНФОРМАЦИЈА ЗА КОНТАКТИ НА РАБОТНИЦИТЕ ЧЕСТО ПОСТАВУВАНИ ПРАШАЊА

### Како да ги обновам моите податоци за контакт?

Обновете ги вашите податоци за контакт следејќи ги следните чекори:

- Одете на **Online Services** на www.longservice.nsw.gov.au/online-portal
- Под насловот Contract Cleaning Industry одберете ја врската **Worker Login**
- Вклучете се (login) користејќи ја вашата имејл адреса или работна идентификација (employee ID) и лозинката (password)
- Одете на **Update Details**
- Проверете/обновете ги вашите податоци за контакт, вклучително бројот на мобилниот телефон, имејл адресата и поштенската адреса, и одберете **Save**.

### Како да се регистрирам за пристап на интернет?

Ако не сте регистрирани за пристап на интернет, ве молиме следете ги следните чекори:

- Одете на **Online Services** на www.longservice.nsw.gov.au/online-portal
- Под насловот Contract Cleaning Industry одберете ја врската **Worker Login**
- Под **Register for Online Access** одберете **Click here** за да се регистрирате
- Внесете го вашиот број на регистрација, име и презиме, датум на раѓање и одберете **Next**
- Завршете ја вашата регистрација со тоа што ќе ја внесете имејл адресата и лозинката.

### Што ќе ми треба за да се регистрирам за пристап на интернет?

Ви треба вашиот регистерски број на CCI работник. Тој број ќе биде во работничкиот комплет (worker pack) што сте го добиле од нас. Или, вашиот регистерски број на работник може да го добиете од вашиот работодавец или ако ни се јавите нам.

## ЈАВЕТЕ НИ СЕ

### Кому да се јавам ако имам прашања?

Ако имате некое прашање, ве молиме јавете се на 13 14 41 или на info@longservice.nsw.gov.au